Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), **Општина Штип,** на ден 01.06.2021 година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планската програма за изработка на Локална урбанистичка планска документација за К.П. бр.3245 и К.П. бр.3246 К.О.Штип, вон градежен реон, Општина Штип кој се носи согласно Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2021 год. согласно оваа програма е донесена одлука за отпочнување на постапка за изработка на ЛУПД со бр.08-1023/1 од 17.02.2021 година, програмска задача финансирана од страна на нарачател-инвеститор, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на www.stip.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планска програма за Локална урбанистичка планска документација за К.П. бр.3245 и К.П. бр.3246 К.О.Штип, вон градежен реон, Општина Штип, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Реализацијата на ЛУПД за изградба на објекти со намена А0-домување во станбени куќи со посебен режим и содржини со компатибилна класа на намена во КО Штип Вон град, како основна цел ги има зацртано насоките на идниот просторен развој.Поради ова целта на изработка на ЛУПД е формирање и дефинирање на градежни парцели, добивање на максимална површина за градба согласно законските прописи за предвидување на градба со намена А0, во границите на планскиот опфат не постојат објекти кои би влијаеле на загрозувањето на животната средина.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање преку Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животна средина при Општина Штип во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.18-1572/12
Штип
м-р СТ

Градоначалник
на Општина Штип
Д-р Сашко Николов

| | | |
|---|---|---|
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>/ | | |
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. | |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | | Градоначалник<br>на Општина Штип<br><br>Д-р Сашко Николов |
| Датум 01.06.2021 год.<br>Место Штип<br>Архивски бр.18-1572/12 | | М.П. |